Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02), на член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр 32/20) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.05.2023 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за изменување и дополнување на Програмата на активностите на Општина Велес во областа на урбанистичкото планирање во 2023 година

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на урбанистичкото планирање во 2023 година (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.19/22 и бр.03/23), се врши следното изменување и дополнување :

1. Во глава II –„Планирање“, во точка 6 Планови во постапка од 2022 год, „Изработка на урбанистички проекти“ после ред бр.8 се додаваат следните редови

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 11 од блок „D“, од Измена и дополнување на ДУП за Речани, зона 2, со намена А1-Домување во куќи, Општина Велес. | Приватна иницијатива |
| 10 | Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 12, ГП 11, ГП 1, ГП 2 и ГП 3 , во рамките на Измена и дополна на Детален урбанистички план на дел од МЗ „Алексо Демниевски“-Велес, локалит „Благој Ѓорев“. Општина Велес. | Приватна иницијатива |

2. Во глава III “Финансирање”- во табела: Ф10 Урбанистичко планирање сумата 3 800 000 се брише и се заменува со 4 810 000 денари.

Точка 1. Изработка на урбанистички планови од табелата, сумата од „3 000 000“ денари се брише и се заменува со „4.010.000“ денари.

Точка 2. Геодетски услуги сумата од 600 000 денари, останува иста.

Точка 3. Комисија за урбанизам сумата од 200 000 денари, останува иста.

Предвидени средства за реализација на програмата се:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Изработка на урбанистички планови | **4 010 000 ден** |
| 2 | Геодетски услуги (нумерички, ажурирани подлоги и други геодетски услуги) | **600 000 ден.** |
| 3 | Комисија за урбанизам | **200 000 ден.** |
| **Ф10** | **Урбанистичко планирање** | **4 810 000 ден.** |

3.Оваа Програма влегува во сила осмиот од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2554/15
29.05.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков

Доставено до:
-Градоначалник;
-Одделение за финансиски прашања
-Одделение за урбанизам и
-Списи и архива.